ДЗР
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

Број: 16 – 208/8

Дата: 12.04.2018

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Јавна здравствена установа Институт за јавно здравје на Република Македонија – Скопје (во понатамошниот текст - ЈЗУ ИЈЗ) на сметка за средства од од програмите за здравствена заштита, сопствено учество на осигурените лица во цената на здравствената услуга и други средства од сопствени приходи за 2016 година.

Изразено е неповолно мислење во однос на вистинито и објективно прикажување на финансиската состојба и резултатите од финансиските активности во финансиските извештаи, како и за усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставените политики за 2016 година.
Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Јавна здравствена установа Институт за јавно здравје на Република Македонија – Скопје на сметката за сопствени приходи за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

Со извршената ревизија на ЈЗУ ИЈЗ констатиравме слабости во делот на:

- Интерните контроли во врска со наплатата на дадените медицински услуги во готово и располагањето со паричните средства;
- потврдување на вкупно наплатените и искажани приходи по основ на услуги поради констатирани кусоци во благајната и корекции на состојбите (сторна), односно корекции на состојбите на фискалните апарати без документирани објаснувања за истите;
- побарувањата се застарени а не се преземени активности за нивна наплата;
- евидентирањето, приемот и издавањето на залихите во и од главниот магацин;
- плаќање на извршените услуги, со плаќање на месечен паушал наместо цената да се утврди и плати врз основа на реално извршени работи и услуги,
- исплатата на расходи за службени мобилни телефони, гориво и

репрезентација без воспоставена контрола и процедури.

Со ревизија на реализацијата на постапките за јавни набавки, утврдивме неправилности и слабости во делот на годишното планирање на потребите на ЈЗУ ИЈЗ, неажурност во делот на одобрување на документацијата за спроведените постапки за ЈН од страна на дел од членовите на комисиите, во одделни случаи избрани се несоодветни постапки за јавни набавки, невоспоставен систем за контрола на реализацијата на договорите.
За утврдените состојби, ревизијата даде препораки со цел преземање на мерки за надминување на истите.
На ден 07.03.2018 година добиени се забелешки на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2016 година на ЈЗУ Институт за јавно здравје на Република Македонија Скопје бр. 16-208/1 и 16 – 208/2 од 02.02.2018 година, од раководното лице д-р Шабан Мемети, вршител на должноста директор на ЈЗУ Институт за јавно здравје на Република Македонија - Скопје заведени во Државниот завод за ревизија под број 16-208/6 од 07.03.2018 година. Истите овластениот државен ревизор ги разгледа и од вкупно 3 забелешки на Нацрт извештајот за оваа сметка, една забелешка не се прифаќа а две забешеки преставуваат известување за начинот на постапување на раководителот на субјектот по дадените препораки.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна 22 до 24 заедно со ревизија на усогласеност на Јавна здравствена установа Институт за јавно здравје на Република Македонија – Скопје на сметката за програмите за здравствена заштита, сопствено учество на осигурените лица во цената на здравствената услуга и други средства од сопствени приходи кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, преглед на промени на извори на капиталните средства за 2016 година и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Јавна здравствена установа Институт за јавно здравје на Република Македонија – Скопје на сметката за сопствени приходи за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на Јавна здравствена установа Институт за јавно здравје на Република Македонија – Скопје застапувано од:

- Д-р Шабан Мемети, в.д.директор од 27.10.2009 година

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5. Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и

изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната

законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија и со прифатени и спроведени извесни корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања.

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 11.09.2017 до 10.11.2017 кај Јавна здравствена установа Институт за јавно здравје на Република Македонија – Скопје од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија на ден 22.12.2017 година.
На ден 07.03.2018 година добиени се забелешки на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2016 година на ЈЗУ Институт за јавно здравје на Република Македонија Скопје бр. 16-208/1 и 16 – 208/2 од 02.02.2018 година, од раководното лице д-р Шабан Мемети, вршител на должноста директор на ЈЗУ Институт за јавно здравје на Република Македонија - Скопје заведени во Државниот завод за ревизија под број 16-208/6 од 07.03.2018 година. Истите овластениот државен ревизор ги разгледа и од вкупно 3 забелешки на Нацрт извештајот за оваа сметка, една забелешка не се прифаќа а две забешеки преставуваат известување за начинот на постапување на раководителот на субјектот по дадените препораки.

**Констатирани се следните состојби:**

### 3.1. Внатрешни контроли

3.1.1. По извршената проверка на функционирање на воспоставените интерни контроли ги констатиравме состојбите кои се констатирани во точката 3.1.1. од извештајот на овластениот државен ревизор за сметката за средства од Фондот.

### 3.2. Усогласеност со закони и прописи

3.2.1. На позицијата Побарувања од вработените на ден 31.12.2016 година искажани се побарувања во вкупна висина од 1.023 илјади денари. Од овој износ 523 илјади денари отпаѓаат на побарувања од вработени во ЈЗУ ИЈЗ за парични средства кои се одобрени и исплатени по донесени одлуки од минати години кои не ни беа

доставени на увид при што кај некои вработени долгот достигнувал и над 100 илјади денари. Од страна на надлежните служби на ЈЗУ ИЈЗ не биле преземени мерки за враќање на овие побарувања се до 2016 година од која овие вработени се задолжени да враќаат по 1000 денари месечно се до конечно подмирување на долговите. На дел од вработените за цели кои не се однесуваат за потреби на тековното работење на ЈЗУ ИЈЗ се овозможува бескаматно кредитирање на вработените на долг рок што е спротивно на одредбите на Законот за буџетите и Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за соодветниот период.

**Препорака**
УО да донесе одлука, а директорот да ја спроведе со цел да се прекине праксата на одобрување средства на вработените лица за потреби кои не се дел од тековните работни активности на институцијата и да изврши целосна наплата на побарувањата за веќе одобрените средства од сите задолжени лица.

3.2.2.Со извршениот увид во деловните книги на позицијата на која се евидентираат реализираните расходи за репрезентација утврдивме дека Управниот одбор на ЈЗУ ИЈЗ нема усвоено акт со кој ќе се регулира правото и начинот на користењето на средствата за репрезентација. Притоа во текот на 2016 година планирани се средства во финансискиот план на позицијата други договорни услуги во која е вклучена и репрезентацијата во висина од 4.000 денари а искажани се расходи по овој основ во вкупна висина од 444 илјади денари за извршени угостителски услуги, а на позицијата Обврски кон добавувачи на ден 31.12.2016 евидентирани се и неплатени обврски по истиот основ во висина од 2.632 илјади денари. Во прилог кон фактурите не е приложена спецификација на направените трошоци, соодветно решение за користење на угостителски услуги одобрено од надлежниот орган на управување, ниту пак објаснување за какви потреби се прават истите. Поради ова не добивме уверување дека реализираните расходи во горенаведениот износ се наменски и законски искористени во функција на извршување на редовните работни задачи на ЈЗУ ИЈЗ.

**Препорака**
Надлежниот орган на управување да преземе мерки и активности за изработка и усвојување на акт со кој ќе се регулира правото и начинот на користење на средствата на репрезентација согласно потребите и намената.

3.2.3.Со извршениот увид во деловните книги и презентираната документација во врска со направените расходи за набавка на нафтени деривати во висина од 1.045 илјади денари за потребите на возилата со кои располага ЈЗУ ИЈЗ ги утврдивме следниве состојби:

- органот на управување на ЈЗУ ИЈЗ нема изработено и усвоено интерен акт со кој ќе се регулира правото и начинот на користењето на службените моторни возила, нивната распределба и располагање;

- од приложените спецификации кон фактурите, утврдивме дека е извршено точење на различни видови нафтени деривати (дизел и бензин) за исто возило, со иста регистарска табличка што наведува на заклучок дека е извршен потрошок на гориво за возила кои не се во сопственост на ЈЗУ ИЈЗ;
- во прилог на фактурите недостасуваат сметките издадени од добавувачот поради што не се создадени услови за контрола на точноста на спецификацијата за потрошено гориво во прилог кон фактурата;
- не е воспоставено пракса за изготвување на патни налози во врска со одобрување за користење на службено возило и направените трошоци;

Наведените состојби не се во согласност со одредбите на член 12 од Законот за сметководство на буџети и буџетски корисници, со што се создава можност од користење на средства за намени кои не се функција на редовното работење на ЈЗУ ИЈЗ.

**Препорака**
Раководителот на субјектот да преземе активности за воспоставување на ефикасни и целосни интерни контроли за користењето на службените моторни возила и трошоците по тој основ, да пропише акт со кој ќе се регулира правото и начинот на користењето на службените моторни возила, нивната распределба и располагање.

3.2.4. По извршената проверка на исплатата на платите ги констатиравме состојбите кои се констатирани во точката 3.2.2. од извештајот на сметката за средства од Фондот.

3.3. **Финансиски извештаи**

3.3.1. По извршеното тестирање на трансакциите во деловните книги на вкупниот уплата и исплата на готови пари во износ од 3.839 илјади денари и благајничкото работење на ЈЗУ ИЈЗ ревизијата го констатира следното:

- Не е изготвено упатство за работа на благајната со кое би се утврдил начинот на наплата, располагање, уплата и исплати на готови пари;
- Не е обезбедено доследно почитување на одредбите од одлуката на благајничкиот максимум во висина од 200 илјади денари поради тоа што континуирано во благајната на Институтот се чуваат пари во готово над утврдениот износ;
- Констатирани се неусогласености помеѓу Годишниот извештај за наплатен износ за услугите на Институтот каде е регистрирана наплата во висина од 3.253 илјади денари, годишниот фискален извештај, според кој е регистрирана наплата во висина од 3.403 илјади денари и уплатените средства во благајна во висина од 3.299 илјади денари;
- Ревизијата констатира дека се вршени сторна/корекции на реализираниот дневен промет преку фискалните каси, кои за 2016 година се во вкупен износ од 99 илјади денари, додека за 2015 година 2.111 илјади денари, без притоа

документирано да се наведат причините за извршените сторнирања. Утврдената состојба создава ризик во делот на потврдување на комплетноста на приходите реализирани по основ на дадени услуги наплатени преку благајната на ЈЗУ ИЈЗ;

- Наплатените готови средства од дадени здравствени услуги одговорниот референт ги уплаќал во главната благајна на ЈЗУ ИЈЗ со задоцнување од 2 до 3 месеца, додека наплатените средства од приватни пациенти ги уплатувал 2-3 пати во годината, додека благајникот уплатата на прометот на сметката на ЈЗУ ИЈЗ ја вршел со дополнително задоцнување од неколку месеци, а во некои случаи дневниот промет е уплатен на повеќе рати во различни денови. Како резултат на тоа по извршена контрола на извештаите од пациенти и предадени парични средства во благајната, констатирани се непредадени средства во износ од 806 илјади денари, по што паричните средства се уплатени од страна на одговорниот референт во месец септември 2016 година, заради констатираната состојба лицето е прераспределено на друго работно место. Во врска со уплатата на паричните средства од благајната на трансакциска сметка како резултат на ненавременета уплата на средствата, од страна на пописната комисија, со пописот на паричните средства со состојба на 31.12.2016 година, констатиран е кусок на парични средства во благајната во износ од 495 илјади денари. Одговорното лице на ЈЗУ ИЈЗ по укажување на Управниот одбор донел Решение со кое го задолжил благајникот да изврши враќање на кусокот во главната благајна. Наведеното не е во согласност со член 20 од Законот за платен промет и упатува на заклучок дека дел од средствата не се уплатени на жиро сметката на ЈЗУ ИЈЗ и истите неосновано се искористени за потреби кои не се во функција на тековното работење на ЈЗУ ИЈЗ.
- Ревизијата утврди дека дел од придружната документација во касата како прилог кон извршената уплата на средства во благајната е неуредно пополнета при што не е наведен датум, или кај истата утврдивме корегирани и бришени редни броеви на веќе пополнети и искористени образци каса прими од претходни години што не е во согласност со член 12 од Правилникот за сметководство на буџети и буџетски корисници. При предавање на дневниот промет во главната благајна потврдите во прилог на дневните фискални извештаи не се хронолошки подредени и се јавуваат празнини од неколку непополнети броеви. Со оглед на тоа што процесот на издавање на броеви е автоматизиран и истиот служи за потврдување на извршените услуги и остварените приходи, наведените пропусти укажуваат на можност од нецелосно евидентирање на извршената наплата на парични средства и нивна уплата во благајаната на ЈЗУ ИЈЗ;
- ЈЗУ ИЈЗ во текот на 2016 година извршило наплата на средства по основ на закуп на простории во сопственост на ЈЗУ ИЈЗ и извршени анализи на вода и храна во вкупен износ од 238 илјади денари. Презентираната документација во прилог кон извршените уплати во дел од случаите не го содржат бројот на

фактурата или договорот, заради што се оневозможува следењето на наплатата и потребата од фактурирање, а за истите не е издадена фискална сметка иако главната благајна располага со фискален апарат за регистрирање на готовинскиот промет.

Погоренаведените состојби не се во согласност со одредбите на Законот за регистрирање на готовински плаќања, Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и Законот за платен промет и не обезбедуваат можност од потврдување на реалноста и објективноста на искажаната состојба во благајната како и начинот на располагање со средствата во готово и ги зголемува ризиците од незаконитости во располагањето со готови пари.

**Препораки**

Одговорните лица на ЈЗУ ИЈЗ да ги преземат потребните активности за надминување на утврдените состојби и тоа:

- Да се преземат мерки за изготвување на процедура за евиденција на приливот и одливот на паричните средства во благајната во која ќе бидат опфатени сите одговорни лица во процесот на готовинското работење и да се воспостават соодветни контролни механизми и постапки за целосна наплата и потврдување на остварените приходи.
- Да се обезбеди доследно почитување на одлуката за висина на благајничкиот максимум;
- да се преземат активности за надминување на причините за појава на разлики во наплатениот износ за услугите на ЈЗУ ИЈЗ со фискалниот извештај и уплатените средства во благајната;
- При наплата на готовински средства во ЈЗУ ИЈЗ да се користи фискалниот апарат, а наплатените парични средства да се уплатуваат на сметката на ЈЗУ ИЈЗ отворена кај носителот на платен промет без одлагање и најдоцна наредниот работен ден;
- За секое извршено сторнирање на издадени фискални сметки да се обезбеди писмено образложение за причините за извршеното сторнирање;
- Придружната документација во касата (каса прими) да биде комплетно пополнета и хронолошки правилно подредена;
- Да се утврди евентуалната одговорност на лицето задолжено за водење на благајната.

3.3.2.Со извршениот увид во деловните книги на позициите на кои се евидентираат остварените приходи како и побарувања од купувачите ревизијата ги утврди следните состојби:

- Управниот одбор на ЈЗУ ИЈЗ има донесено Одлука со која директорот на ЈЗУ ИЈЗ се овластува да одобрува попуст на цените одредени со усвоениот ценовник за извршени услуги кои не паѓаат на товар на ФЗОМ, а се во интерес на јавното здравје. Од страна на УО не се дефинирани критериуми во врска со

одобрувањето на попуст на цените, со што се создава ризик од субјективизам при одобрување на овие поволности, особено што со увид во документацијата утврдивме дека на различни коминтенти им е одреден различен процент на попуст за ист вид на услугите кои ги извршил ЈЗУ ИЈЗ;

- При извршување на услуги кои пациентите ги плаќаат со лични средства, ЈЗУ ИЈЗ фактурирањето го врши по цени предвидени со ценовниците за услуги донесени од страна на УО. Калкулацијата на цените наведени во ценовникот ја вршат одговорните лица по пооделни сектори самостојно, врз основа на сопствени пресметки, и истата се врши нередовно без да се земат предвид набавките на медицински материјали кои се вршат по корегирани цени како резултат на спроведените постапки за јавни набавки при што оваа калкулацијата не е утврдена со посебен акт од страна на Министерот за здравство согласно барањата на член 47 од Законот за здравствена заштита. Неостварената соработка со надлежното министерство при формирање на цените и констатираното нередовно корегирање при нови набавки на медицински материјал создава ризик да се врши фактурирање по цени кои не ги надоместуваат трошоците кои ги има ЈЗУ ИЈЗ за извршените услуги. Дополнително на ова, при лабораториските анализи (физичко - хемиска и микробиолошка) на фармацевтски препарати доставени од страна на Агенцијата за лекови и медицински средства, наплатата се врши согласно Правилник со цени кој е изработен од оваа институција и кој не е прифатен од страна на УО на ЈЗУ ИЈЗ. Притоа од доставените калкулации на цени за овој вид на услуги, трошоците кои ги има ЈЗУ ИЈЗ за испитувањата го надминуваат износот кој е наведен во споментатиот правилник поради што ЈЗУ ИЈЗ не е во можност да ги надомести трошоците поврзани со овие испитувања и се создаде финансиска штета во работењето;
- При фактурирање и наплата на побарувањата од извршени услуги за лабораториски испитувања на мостри (прехрамбени производи, вода, козметички препарати и сл.), ЈЗУ ИЈЗ се соочува со ризик од ненавремена и нецелосна наплата на побарувањата. Ваквата состојба се должи на тоа што ЈЗУ ИЈЗ овие услуги ги врши врз основа на поднесени барања од надлежните инспекторати (Агенција за храна и ветерина, Државен санитерен инспекторат итн.) за кои согласно законската регулатива трошоците за анализа на мострите ги сноси трговецот, производителот, неговиот застапник или увозникот. Согласно на ова ЈЗУ ИЈЗ остварува деловен однос со наведените институции, а не со правните лица предмет на инспекциски надзор кон кои се евидентирани побарувања во сметководствената евиденција на ЈЗУ ИЈЗ. Инспекциските служби во дел од случаите не доставуваат целосни податоци за правните лица предмет на инспекциски надзор до ЈЗУ ИЈЗ, како резултат на што институтот се соочува со тешкотии во наплатата на побарувањата од овие правни лица при што постои и ризик од застарување и неможност на наплата на побарувањата;

- Во деловните книги на ЈЗУ ИЈЗ на 31.12.2016 година евидентирани се побарувања од купувачи во вкупен износ од 84.100 илјади денари. Утврдивме дека во овој износ побарувањата со старосна структура над три години учествуваат во вкупен износ од 42.581 илјади денари (40.247 илјади денари од други правни лица, 1.554 илјади денари од јавни здравствени установи и 799 илјади денари од правни лица од странство), за кои не се преземени соодветни мерки за наплата односно отпишување во минатите години. Наведената состојба не е констатирана од страна на пописната комисија, што не е во согласност со одредбите на Законот и Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници и Законот за облигациони односи. Непреземањето активности околу наплатата на побарувањата има негативно влијание врз реализацијата на приходите, што има влијание врз можностите за редовното извршување на работните задачи на ЈЗУ ИЈЗ.

**Препорака**

Одговорните лица на ЈЗУ ИЈЗ да ги преземат потребните активности за надминување на утврдените состојби односно:

- Да се преземат активности за подготовка и усвојување на пишани акти со кои ќе се дефинираат критериуми во врска со одобрување на попусти на цените при склучување договори со комитентите;
- При формирање на цените на услугите за кои согласно на законските прописи е потребно одобрение од страна на Министерот за здравство да се имаат предвид сите трошоци кои ги има ЈЗУ ИЈЗ за реализација на услугата и истите редовно да се ажурираат во согласност со промените на цените по спроведените постапки за јавни набавки.
- Да се изврши анализа на побарувањата односно да се утврди нивната старосна структура и врз основа на тоа да се преземат мерки за наплата или да се даде предлог за нивно отпишување.
- УО да донесе одлука за утврдување на одговорност за ненавремено преземени мерки за наплата на побарувањата.

3.3.3.Во рамките на ЈЗУ ИЈЗ за потребите на приемот, чувањето и издавањето на реагенси, хемикалии и останати материјали функционираат два главни магацини. ЈЗУ ИЈЗ има воспоставено материјална и финансиска евиденција на приемот и издавањето на лекови, а извршен е и попис на состојбата на ден 31.12.2016 година. Утврдивме дека за потребите на тековното работење функционираат и прирачни магацини на реагенси, хемикалии и останати материјали преку вршење на периодични требувања од двата главни магацини. Притоа, во врска со ова ги утврдивме следните состојби:

- ЈЗУ ИЈЗ нема постапено во согласност со член 91 од Законот за здравствена заштита и не е извршено формирање на болничка аптека односно приемот и издавањето на медицинските материјали, реагенси и хемикалии се врши во централен магацин, а во согласност со член 3 од Правилникот за делокруг на

работа на внатрешни организациони единици не е назначен дипломиран фармацевт како лице одговорно за овој дел од работењето на ЈЗУ ИЈЗ. Лицето кое е одговорно за овој централен магацин нема добиено соодветно овластување за извршување на овие работни задачи а истовремено е ангажирано на работни задачи поврзани со спроведувањето на постапките за јавни набавки додека согласно издадено решение е распоредена на работно место одговорен лаборант, со што не е извршено разграничување на должности. Како резултат на наведената состојба утврдивме дека приемот и издавањето на хемикалии, реагенси и друг медицински материјал се врши со неуредна документација односно примената или издадена количина не е верификувана со потпис од страна на магационерот или некое друго лице вработено во ЈЗУ ИЈЗ. Дополнително на ова, презентирани се приемници на материјали со датум на прием од неколку месеци пред да се изврши нарачката од страна на службите на ЈЗУ ИЈЗ, а самите преимници и фактури содржат артикли кои се различни во однос на документот со кој се врши нарачката. Со оглед на тоа што квантитативната и квалитативната контрола и верификација на приемот на материјали е основа за доставување на фактура за плаќање од страна на добавувачите, неизвршување на истата како и наведената хронолошка и документациска неусогласеност создаваат висок ризик од плаќање на фактури без да се изврши прием на фактурираните артикли;

- Од страна на ЈЗУ ИЈЗ не е воспоставена материјална и финансиска евиденција за испорачаните количини од главниот магацин за реагенси, хемикалии и останати медицински материјали кон прирачните магацини кои функционираат во секторите и лабораториите кои се главни корисници на овие артикли, ниту пак за извршениот потрошок и основаноста на истиот од страна на овие организациони единици, иако наведеното е утврдено како обврска на ЈЗУ согласно на членот 92г од Законот за здравствена заштита како и Правилнкот за водење на сметководство на буџетите и буџетските корисници. Со оглед на тоа што со овие материјали ЈЗУ ИЈЗ ја обавува својата основна дејност од која остварува и финансиски приходи, ваквиот начин на работа не гарнатира дека сите примени и издадени материјали се употребени за обавување на дејноста и за консеквентна реализација на соодветните приходи од извршените активности. Како резултат на ова пописната комисија нема извршено попис на залихите во помошните магацини, не е обезбедено реално и објективно искажување на состојбата на залихите во финансиските извештаи, постои ризик од требување на материјалите без да постои реална потреба од истото и во исто време утврдената состојба влијае на можноста за потврдување на реалноста на извршениот потрошок на материјали;
- Не е извршено вредносно евидентирање во материјалната евиденција на вкупно 6 артикли за кој е регистриран прием и издавање на вкупно 834 парчиња;
- Утврдивме хронолошка неусогласеност во материјалната евиденција во делот на евидентирањето на приемот и издавањето на материјалите од главните магацини. Имено имајќи го во предвид принципот за евидентирање на

издавањето на материјалите, извршено е издавање на материјали по цени од набавки кои не се евиденитирани во моментот на издавањето, односно влезот на артикли по цената на издавањето се случил неколку месеци подоцна, додека во моментот на издавањето во евиденцијата се јавува салдо на количина која е вредносно евидентирана по друга цена.

Утврдената состојба влијае на реалното и објективно искажување на состојбата на залихите во финансиските извештаи на ЈЗУ ИЈЗ, при што констатираните пропусти се од таков обем што прикажаниот промет во висина од 23.005 илјади денари како и салдо на 31.12.2016 година во висина од 3.877 илјади денари не може да се потврди од страна на ревизијата.

**Препорака**
ЈЗУ ИЈЗ да воспостави целосна материјална и финансиска евиденција на залихите на реагенси, хемикалии и останати материјали се до нивното издавање за крајните корисници, засновано врз начелата на реално, објективно, хронолошки навремено и вистинито прикажување во финансиските извештаи.

Одговорните лица да преземат активности за извршување на редовно усогласување на состојбата на залихите, откривање на несогласувањата како и да се изврши попис на состојбата на сите магацини вклучувајки ги и помошните, преку физичко пребројување на сите артикли кои се затекнати во магациниte. По ова да се изврши евидентирање на состојбата во материјалната и финансиската евиденција, како и да се утврдат причините за евентурални разлики и за истите да се извести УО на ЈЗУ ИЈЗ кој треба да превземе понатамошни мерки.

Да се напушти праксата на евидентирање на залихите во деловните книги без финансиска вредност без разлика на начинот на нивно стекнување и одговорните лица да обезбедат соодветен податок за вредноста на сите артикли по што истите соодветно ќе се евидентираат во деловните книги.

3.3.4.Утврдивме дека за потребите на одржувањето на апликативниот софтвер и базата на податоци од информациониот систем на ЈЗУ ИЈЗ се користат услуги на една фирма, при што согласно склучен договор за оваа услуга се плаќа месечен паушал во висина од 127 илјади денари или вкупно 1.524 илјади денари за една година. Притоа во склучениот договор со економскиот оператор се наведени општи одредби за неговите обврски и не е предвидено време за одговор и успешно решавање на пријавениот проблем што е вообичаено кај ваков тип на договори. Презентираните фактури од страна на оваа фирма не содржат работни налози како потврда за извршените услуги ниту пак се изработени писмени одобренија од страна на надлежните служби во ЈЗУ ИЈЗ со кој се утврдува потребата од услуги за одржување. Како резултат на ова не сме уверени дека се извршени услуги за одржување ниту пак може да се потврди потребата од исплата на месечен паушал.

**Препорака**
Да се испита потребата од воспоставениот начин на користење услуги и да се иницира склучување на нов договор со цена по извршена услуга, преку спроведување на постапка согласно на Законот за јавни набавки.

3.3.5.Во текот на 2016 година ЈЗУ ИЈЗ по основ стручно оспособување и постипломски студии на вработени има извршено исплати во висина од 1.156 илјади денари согласно на одребите од Колективниот договор и Правилникот за стручно оспособување на работниците. Со Правилникот за стручно оспособување како акт со кој е регулирана оваа материја, воопшто не е разработен делот за вршење на избор на вработените кои се упатуваат на стручно оспособување, односно не се утврдени транспарентни и конкретни критериуми за вршење на избор и истото се врши единствено врз основа на одлука на УО на ЈЗУ ИЈЗ. Притоа со увид во документацијата утврдивме дека на исти вработени лица во ЈЗУ ИЈЗ им се одобрува исплата на надоместоци за специјализација и постдипломски или докторски студии кои во поедини случаи се донесени во ист ден. Нетраспарентното одобрување на средства по овој основ, создава можност од фаворизирање на поедини вработени и ставање на останатите вработени во ЈЗУ ИЈЗ во нерамноправна положба.

**Препорака**
Одговорните лица во ЈЗУ ИЈЗ и УО да пристапат кон усогласување на Правилникот за стручно оспособување со кој одобрувањето на средства за стручно оспособување ќе се врши почитувајќи ги начелата на траспарентност, врз основа на изработени критериуми со кои вработените ќе добијат подеднаква шанса за упатување на стручно дооспособување.

3.3.6.Со анализа на состојбите на салдата на позициите на одредени сметки искажани во деловните книги за оваа сметка утврдиме извесни несогласувања и тоа:

- Утврдивме сметководствени несогласувања во состојбите на позициите Парични средства и Вишок на приходи над расходи при што во Билансот на приходи и расходи искажан е вишок на приходи кој е повисок за 550 илјади денари во однос на искажаната состојба на Паричните средства. Наведената разлика се јавува како резултат на утврдениот кусок во благајната при што во 2016 година извршено е сторнирање на кусокот во висина од 495 илјади денари од позицијата Парични средства и задолжување на одговорното лице на соодветната позиција за Побарувања во текот на 2016 година, а истото лице е задолжено за дополнителен износ во висина од 55 илјади денари од минати години. Поради ова, како и поради несоодветното евидентирање на побарувањата од вработените за одобрени парични средства кои се задолжуваат на соодветната позиција за Побарувања без да се употреби позицијата ПВР се јавува несовпаѓање во состојбата, при што позицијата ПВР

искажува состојба која е за 1.237 илјади денари во понизок износ од соодветните позиции на класа 1;
- Утврдивме и несогласување кај позицијата АВР и соодветните позиции на класа 2 при што евидентиран е повисок износ за 1.261 илјада денари на позицијата АВР. Од страна на одговорните лица во ЈЗУ ИЈЗ не добивме соодветно објаснување за причините за оваа состојба.

**Препорака**
Одговорните лица во ЈЗУ ИЈЗ да ги испитаат причините за констатираните несогласувања во состојбите на наведените позиции и да се спроведат соодветни корективни книжења заради надминување на состојбата.

## 3.4. Користење на средствата согласно законски прописи

3.4.1. Со извршената ревизија на процесот на планирање на јавните набавки, подготвувањето на тендерската документација, доделување на договори за јавни набавки и извршениот увид во презентираната документација за спроведените постапки на 12 јавни набавки со вкупна проценета вредност од 70.461 илјади денари односно 84,89% од вкупно започнатите јавни набавки во 2015 и 2016 година кои имаат реализација во 2016 ги утврдивме следниве состојби:
- Подготовката на предлог планот за јавни набавки е во надлежност на Секторот за логистика и правно финансиски работи додека неговото усвојување е во надлежност на Управниот одбор на ЈЗУ ИЈЗ. Констатиравме дека во овој случај се јавува несоодветно разграничување на должностите имајќи го во предвид фактот што раководителот на споменатиот сектор е истовремено и претседател на Управниот одбор. Со увид во документацијата во прилог кон ова утврдивме дека како потписник на планот се јавува претседателот на комсијата за јавни набавки иако ова лице согласно на Законот за јавни набавки нема такви надлежности;
- Не е воспоставен систем за контрола на реализација на договорите за набавка поради што постои ризик од надминување на количината која е договорена со договорот и постапката за јавна набавка и вршење на нарачки надвор од предвиденото времетраење на договорот;
- Кај четири постапки за доделување на договор за јавна набавка во одлуките за јавна набавка не се назначени заменици на членовите на комисијата за јавна набавка, што не е во согласност со член 28 став 2 од ЗЈН;
- Извештајот од спроведена постапка, кај три постапки не е потпишан од сите членови на комисијата за јавна набавка, додека кај друга постапка не е потпишан од ниту еден член од комисијата за јавна набавка;
- Кај три постапки за набавка на реагенси, хемикалии, тестови и медицински материјали во вкупна вредност од 13.905 илјади денари утврдивме дека договорниот орган, во тендерската документација не побарал од економските оператори за понудените артикли да достават решение за промет на лекови и

медицински материјал издаден од надлежниот државен орган. Со тендерската документација за овие набавки субјектот нема побарано од заинтересираните економски оператори решенија за пуштање во промет на лабараториските материјали кои се предмет на набавката што овозможува поедини економски оператори да понудат артикли кои ваква дозвола воопшто немаат или истата е со истечен рок и не е продолжена, поради што се создава ризик на набавка на неквалитетни материјали, а економските оператори кои обезбедиле вакви решенија се доведуваат во нерамноправна положба на пазарот, со оглед на тоа што обезбедувањето на истите создава значителни финансиски трошоци кои влегуваат во цената на чинење на овие материјали, поради што овие оператори не можат да понудат конкурентна понуда во однос на економските оператори кои не обезбедиле вакви решенија.

- Во текот на 2015 и 2016 година ЈЗУ ИЈЗ има извршено набавки на хемикалии, реагенси и медицински материјали по спроведени постапки за јавни набавки со отворен повик за потребите на апаратите за биохемиски и други истражувања, со кои ги обавува тековните работни задачи. Констатиравме дека дел од овие апарати се од т.н. "затворен систем" – што значи дека единствено прозиводителот на апаратите може да се јави како добавувач на потребните хемикалии, реагенси и медицински материјали при што по овој основ склучени се договори во висина од 13.089 илјади денари. Како резултат на ова, спроведените постапки за јавни набавки се реализираат само формално со оглед на неможноста други економски оператори да се пријават во постапката како понудувачи, при што не се врши намалување на цената преку електронско наддавање, односно се прифаќа цената која е дадена во понудата. На овој начин ЈЗУ ИЈЗ не се заштитува од можноста економскиот оператор да понуди цени повисоки од пазарните, при што од институтот не е земена во предвид можноста која ја нуди Законот за јавни набавки, овој тип на постапки наместо со отворен повик да се реализираат по пат на преговарање што нуди поголема можност за постигнување економски исплатлива цена поблиска до пазараната цена за тој тип на стоки. На овој начин не е постапено во согласност со член 2 од Законот за јавни набавки во насока на рационално и ефикасно искористување на средствата со кој располага ЈЗУ ИЈЗ.
- При склучување на договорите со избраните економски оператори за набавка на медицински материјали, реагенси и хемикалии воспоставена е пракса во одредбите за предмет на договорот да се наведат артиклите кои се предмет на набавката без да се наведе заштитеното име на артиклот кој е предмет на набавката, неговиот производител и земјата на потекло, иако овие податоци се доставени во тек на спроведените постапки за ЈН од страна на економските оператори носители на набавките. Утврдената состојба создава ризик од вршење на испорака на производи кои се различни од дадената понуда во постапката за ЈН, и ограничување на контролните активности во делот на потврдување на испорачаните производи со понудените во спроведената постапката за ЈН.

**Препорака**

Документацијата која се изработува при спроведувањето на постапките за јавни набавки задолжително да се потпишува од најмалку три члена на комисијата. Во случај на оправдана спреченост на член на комисијата да учествува во постапката на негово место да се ангажаира претходно назначен заменик член.

Да се воспостави соодветен систем за контрола на реализацијата на сите аспекти на договорите по склучени постапки за јавни набавки.

При набавката на реагенси, хемикалии тестови и останати медицински материјали за кои постои обврска за регистрирање за пуштање во промет во надлежниот државен орган, задолжително во тендерската документација од заинтересираните економски оператори да се бара важечко решение за пуштање во промет на понудениот артикл.

ЈЗУ ИЈЗ да ја напушти праксата на формално спроведување на постапките за јавни набавки за медицински материјали, хемикалии и реагенси за апаратите од т.н. затворен систем и да ги зајакне напорите во постигнување на реални пазарни цени почитувајќи ги законските можностои кои ги нуди Законот за јавни набавки.

Да се изврши правилно разграничување на должностите во делот на изработката и усвојувањето на планот за јавни набавки на ЈЗУ ИЈЗ.

Склучените договори со избраните економски оператори да содржат детални информации за производите кои се предмет на набавката вклучително и заштитеното име на производот, име на производителот и земја на потекло.

3.4.2.Спроведена е отворена постапка за склучување на рамковна спогодба за доделување на единечни договори за набавка на услуги за тековно одржување на објект за потребите на ЈЗУ ИЈЗ за 2016 година и склучен е договор со еден економски оператор во вкупен износ од 4.053 илјади денари по основ на кој во текот на 2016 година исплатени се 977 илјади денари во врска со кој ги утврдивме следните неправилности:

- во одлуката за јавна набавка не се назначени заменици на членовите на комисијата за јавна набавка, што не е во согласност со член 28 став 2 од Законот за јавни набавки;
- во тендерската документација констатиравме дека се зададени услови кои треба да ги исполнат економските оператори за да се квалификуваат како способни за извршување на предметната јавна набавка при што од заинтересираните економски оператори е побаран доказ – лиценца за одржување на објекти и минимум 15 вработени со доказ за присуство на обука за безбедност и здравје при работа. Вака дефинираните услови во тендерската документација создаваат можност од фаворизирање на поедини економски оператори и намалување на интересот кај заинтересираните економски оператори, при што не е обезбедена конкурентност на економските оператори согласно на член 2 од Законот за јавни набавки;

Утврдените состојби имаат влијание на транспарентноста, законитоста, обезбедување на конкурентност и создавање на услови за еднаква положба на економските оператори при постапките за јавни набавки како и начинот на користење на средствата.

**Препорака**

Доделувањето на договорите за јавни набавки да се врши во согласност на одредбите на ЗЈН, со избегнување на дефинирани услови во тендерската документација кои можат да предизвикаат намален интерес од страна на економските оператори.

3.4.3.Во известувачкиот период извршени се исплати во висина од 289 илјади денари како и признаени се дополнителни обврски кои не се сервисирани во висина од 378 илјади денари по основ сервисирање на моторни возила во сопственост на ЈЗУ ИЈЗ. За извршените услуги не е спроведена постапка за доделување на договор за јавна набавка, што не е во согласност со Законот за јавни набавки. Кај дел од фактурите приложени се работни налози од кои ревизијата неможеше да се увери дали се работи за возило во сопственост на институтот со оглед на тоа што возилата се серивисираат без да се приложи писмено одобрение од надлежно лице со кое се констатира потребата од сервисирање, дел од доставените фактури не содржат податок од кој ќе може да се утврди дека се работи за возило на ЈЗУ ИЈЗ, а работните налози не се потпишани од лице вработено во институтот кое потврдува дека возилото е сервисирано и се вградени наведените делови во фактурата.

3.4.4. Во известувачкиот период исто така извршени се набавки за кои во текот на 2016 година се извршени исплати во висина од 514 илјади денари, а на ден 31.12.2016 година искажани се дополнителни обврски кои не се сервисирани во висина од 3.388 илјади денари по основ на набавки на телекомуникациски услуги за потребите на телеметрик системот за радијациска сигурност, мобилна телефонија, фиксна телефонија и интернет горива, кондиторски производи, услуги на брза пошта и сервисирање на медицинска опрема, за кои не се спроведени постапки за јавни набавки како што е предвидено со Законот за јавни набавки. Детален приказ на овие набавки е даден во следниот преглед:

во 000 денари

| Набавки | Платено | Неплатени обврски |
|---|---|---|
| Телекомуникациски услуги | 67 | 2.325 |
| Кондиторски производи | 114 | 958 |
| Брза пошта | 134 | 105 |
| Сервисирање на медицинска опрема | 199 | 0 |

Неспроведените постапки за јавни набавки имаат влијание на транспарентноста и законитоста во работењето, обезбедувањето на конкуренција и економичното користење на средствата на ЈЗУ ИЈЗ.

**Препорака**

Одговорните лица во ЈЗУ ИЈЗ во планот за јавни набавки детално да ги предвидат сите набавки за кои постои обврска да се спроведат постапки за јавни набавки согласно на законските одредби и истите да се спорведуваат редовно и без одлагање.

Одговорните лица да донесат процедура за сервисирање на моторните возила во поглед на обезбедувањето на доказ за основаноста за потребата од сервисирање како и реалноста и објективноста на фактурираните трошоци за извршените услуги од страна на сервисерите.

**Основ за изразување на мислење**

Вкупниот ефект од утврдените состојби во точките 3.3. и 3.4. кои претставуваат основ за изразување мислење е:

- Нецелосно и ненавремено искажување на приходи, по основ на пружените медицински услуги како и располагањето со паричните средства;
- Непреземени мерки за наплата на дел од евидентираните побарувања со што се намалува висината на реализираните приходи, а се направени расходи за фактурираните услуги;
- Нереално утврдена состојба на залихите на материјали на ниво на ЈЗУ ИЈЗ, во делот на приемот и издавањето на залихите во и од главниот магацин;
- Нецелосно воспоставени контроли во делот на користење на средства за репрезентација, мобилна телефонија и горива придонесуваат за неосновано зголемување на расходите на ниво на ЈЗУ ИЈЗ;
- Пропустите во делот на спроведените постапки за јавни набавки ја зголемуваат можноста од неекономично и неефикасно користење на средствата.

## 4. Ревизорско мислење

**Мислење за финансиски извештаи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките, 3.3.1, 3.3.2, 3.3.3, 3.3.4 и 3.3.6 финансиските извештаи не ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Јавната здравствена установа Институт за јавно здравје на Република Македонија – Скопје на ден 31 декември 2016 година како и резултатите на финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 3.1.1, 3.2.1, 3.2.2, 3.2.3, 3.2.4, 3.3.5 и 3.4 активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Јавната здравствена установа Институт за јавно здравје на Република Македонија – Скопје не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

5. **Останати прашања**

5.1. Владата на РМ согласно Законот за здравствена заштита донесува и објавува Програми за здравствена заштита, со кои се утврдуваат мерки, задачи и активности, содржина, обем и рокови за нивно извршување како и финансиски средства за остварување на ниво на програма и тоа за осигурени и неосигурени лица. Министерството за здравство врши распределба на средствата на јавните здравствени установи по Програми и надзор на спроведување на истите врз основа на доставени фактури и извештаи за реализација на активностите содржани во Програмата, во обем на средствата одобрени од Буџетот на РМ за тековната година. Во отсуство на пишани критериуми и утврдена постапка за распределба на финансиските средства по програми, истите се одобруваат во вкупен износ на ниво на сите јавни здравствени установи.
Ваквата состојба оневозможува:

- транспарентна распределба на средствата на поединечните јавни здравствени установи;
- сообразување на преземените активности и одобрените средства по програми поради што наплатата на побарувањата по наведените основи од Министерство за здравство не може да се изврши во целост и
- остварување на целите на програмите.

На ден 31.12.2016 година ЈЗУ ИЈЗ има ненаплатени побарувања од МЗ за извршени здравствени услуги по Програмите за здравствена заштита во износ од 3.294 илјади денари.

5.2. Во текот на ревизијата од страна на ЈЗУ ИЈЗ извршени се сметководствени корекции по дадени препораки од Државниот завод за ревизија кои предизвикуваат промени во активата и пасивата на финансискиот извештај/биланс на состојба спроведени во налог за книжење ДД/3 од 21.11.2017 година и ДД/64 од 06.11.2017 со кој е извршено намалување на сметката Побарувања и сметката Пасивни временски разграничувања во висина од 118.504 илјади денари, а извршено е зголемување на Вонбилансната евиденција за истиот износ. Дополнително, извршено е намалување на сметката Активни временски разграничувања и сметката Финансиски и пресметковни односи за износ од 21.411 илјада денари, поради искнижени обврски

кон ФЗОМ за уплата на партиципацијата која ја уплаќаат здравствено осигурените лица на сметката на ФЗОМ. ЈЗУ подолг период немаат ваква обврска поради усвоени измени во законските прописи кои ја регулираат оваа материја.

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2016 година

**во 000 денари**

| **Опис на позицијата** | **2016** | **2015** |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Неданочни приходи | 78.052 | 81.819 |
| Трансфери и донации | 18.254 | 22.837 |
| **Вкупно приходи** | **96.306** | **104.656** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати и надоместоци | 55.860 | 51.930 |
| Стоки и услуги | 25.464 | 41.366 |
| Субвенции и трансфери | 12.344 | 7.358 |
| **Вкупно тековни расходи** | **93.668** | **100.654** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 1.888 | 3.545 |
| **Вкупно капитални расходи** | **1.888** | **3.545** |
| **Вкупно расходи** | **95.556** | **104.199** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | **750** | **457** |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | **750** | **457** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | 2016 | 2015 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 231 | 712 |
| Побарувања | 87.395 | 158.871 |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 64 | 208 |
| Побарувања од вработените | 1.237 | 866 |
| Побарувања од државата и други институции | 191 | 206 |
| Активни временски разграничувања | 136.161 | 143.246 |
| Залихи | 3.877 | 4.418 |
| **Вкупно тековни средства** | **229.156** | **308.527** |
| **Вкупна актива** | **229.156** | **308.527** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 124.018 | 116.251 |
| Примени аванси, депозити и кауции | 8.419 | 9.466 |
| Краткорочни финансиски обврски | 948 | 734 |
| Финансиски и пресметковни односи | 0 | 17.907 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.037 | 0 |
| Пасивни временски разграничувања | 87.848 | 159.742 |
| **Вкупно тековни обврски** | **225.270** | **304.100** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 3.886 | 4.427 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **3.886** | **4.427** |
| **Вкупна пасива** | **229.156** | **308.527** |

ПРЕГЛЕД
НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2016 ГОДИНА

**во 000 денари**

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2016 година** | **9** | **4.418** | **4.427** |
| **Зголемување по основ на:** | **-** | **23.005** | **23.005** |
| Набавки | - | 23.005 | **23.005** |
| **Намалување по основ на:** | **-** | **23.546** | **23.546** |
| Издадени материјали во употреба | - | 23.546 | **23.546** |
| **Состојба 31.12.2016 година** | **9** | **3.877** | **3.886** |

ЈЗУ ИНСТИТУТ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
"50 Дивизија" 6, 1000 СКОПЈЕ, Р. МАКЕДОНИЈА
тел: (389 02) 3223 033, 3125 044, факс: (389 02) 3223 354
www.iph.mk

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
СКОПЈЕ
Прим. 07.03.2018
Орг. 16-208/6

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Ј.З.У. ИНСТИТУТ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ
на Република Македонија
Бр. 03-659/1
7.03.2018 год.
СКОПЈЕ

ДО
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
Палата Емануел Чучков
Ул. Јордан Мијалков п.ф.249
Скопје

ПРЕДМЕТ: Достава на забелешки на Нацрт извештај бр.16-208/5 од 02.02.2018 год.

Во прилог на овој допис ЈЗУ Институт за јавно здравје на РМ Скопје, Ви доставува забелешки по Вашиот Нацрт извештај бр.16-208/5 од 02.02.2018 год.

Со почит,

в.д.Директор,
д-р Шабан Мемети

По доставувањето на Вашиот нацрт извештај за извршена ревизија ЈЗУ Институт за јавно здравје на РМ презема активности , со тоа што Директорот заедно со стручниот тим и Управниот одбор одржаа седница на која беше детално разгледан и дискутиран Вашиот Извештај. При тоа се согласивме да ги дадеме следните

## З А Б Е Л Е Ш К И

**Нацрт за извршена ревизија на финансиски извештаи - Сметка за средства од Фондот**

**3.2.2**

**Алинеа 1**- Институтот за јавно здравје има изготвен нов Статут но истиот не е во можност да се усвои од страна на Управниот одбор од причини што во чл.11 од истиот потребно е да се внесе внатрешната организација која пак сеуште не е утврдена за Институтитот и од тие причини чекаме насоки од Министерството за здравство. Во поткрепа на ова во прилог Ви доставуваме : Копие од изготвен Статут, копие од повеќе дописи до МЗ.
Што се однесува до текстот дека на едно работно место , како посебен услов за завршено образование – Факултет за инфермиерство со коментар дека не постои во нашата држава, сепак Ве известуваме дека во Македонија постојат програмски студии за Инфермијерство и тоа за четири струки при Државниот универзитет во Тетово, па дури и на дисперзираните студии во Дебар. Прилог: копие од студиски програми на Државниот Тетовски универзитет.

**Алинеа 2** – Правилникот за организација и систематизација на работните места во ЈЗУ Институт за јавно здравје покрај табеларниот дел има уште два дела меѓу кои се и описите на работните задачи за секој извршител.
Прлилог: поради обемноста на сите описи истите Ви се доставуваат на ЦД.

**Алинеа 3** - Изменатa на колективниот договор со Анекс на чл.61 со кој се додава чл.61 –а не може да доведе до неизвесност , нерамноправност и субјективизам во врска со износот на плата како што енаведено, од причини што Анексот се однесува само за работници кои се избрани во наставно –научни, научни и соработнички звања кои имаат засновано работен однос и на Универзитетот Св. Кирил и Методиј – Медицински факултет Скопје. За останатите вработени кои се здобиле со такви звања од други факултети се применува чл.61 Прилог: Копие од анекс за ополнување на колективен договор на ЈЗУИЈЗРМ

**Алинеа 4** – Раководителите на Секторите во Институтот раководат и со едно од одделенијата во секторот и тоа е предвидено со Правилникот за организација и систематизација ( прв дел ) согласно чл.8 Прилог: копие од цитираниот член.

Алинеа 5 - Лицето кое било началник на одделение кое има коефициент како додаток во висина од 0,7 е лице кое воедно ги извршуваше и работните задачи за Менаџер за квалитет кое видно од шематскиот приказ на правилникот за организација и систематизација е позиционирано дури и над рангот на Раководител на сектор. Копие од шематски приказ.

Нацрт за извршена ревизија на финансиски извештаи - Сметка за средства од Сопствени приходи

3.4.1

Алинеа 2 – Постоечкиот софтвер – модул за материјално работење овозможува во секое време реален приказ на вкупните количини добиени по соодветен Договор за набавка, при секое ново барање сукцесивно се намалуваат количините од вкупно добиената количина по договор, точно време траење на договорот од денот на потпишување до денот на истекување на истиот ( 1 година, 2 години )

Алинеа 3 – Директорот со решение бр.11-652/1 од 06.03.2018 год. формираше нова комисија за јавни набавки составена од претседател, заменик претседател, четири члена и четири заменици на членови.

3.4.4

Со договор бр.11-4917/1 од 16.12.2016 год. се отклонети дел од наведените забелешки од Нацрт ревизорскиот извештај.

**Во однос на сите други забелешки и препораки искажани во Нацрт извештајот од извршената ревизија одговорните лица при ЈЗУ Институт за јавно здравје на РМ во координација со Управниот одбор веднаш преземаа активности за реализација на дадените препораки. Во тек е изработка на процедури и нормативни акти кои беа посочени.**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Ј.З.У. ИНСТИТУТ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ
на Република Македонија
Бр. 03-3356/2
2017 год.
СКОПЈЕ

ЈЗУ ИЈЗРМ
В.Д Директор
Асс.Др.Шабан Мемети
ТУКА

**Предмет:** Достава на Предлог Статут на ЈЗУ Институт за јавно здравје на Р.М

Согласно Одлука за формирање на стручна комисија бр.03-3356/1 од 03.10.2017 год. Ви доставуваме Предлог Статут на ЈЗУ Институт за јавно здравје на Р.М.

Скопје.02.11.2017 год.

Членови на комисија:

- Д-р.Владо Спиркоски
- Валентина Кочубовска
- Ѓорѓијески Александар

**Ј.З.У. ИНСТИТУТ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ НА РМ - СКОПЈЕ**
**ул.50 Дивизија бр.6 - 1000 Скопје, Пошт.фах 577**
**Тел.: 3223-033, 3226-510; Факс:3223-354**

Предмет број 03-2708/1

Скопје 28.07.2016

**До:** **Министерство за здравство**
**на Република Македонија**
**Скопје**

**Предмет:** Барање на насоки за изготвување на Статут и Правилник за организација и систематизација на работните места во ЈЗУ Институт за јавно здравје на Р.М Скопје

Со цел изготвување на Статут на ЈЗУ Институт за јавно здравје на Р.М Скопје и Правилник за организација и систематизација на работните места во ЈЗУ Институт за јавно здравје на Р.М Скопје, а во согласност со Закон за вработените во јавниот сектор Службен Весник на Р.М бр.27/14; 199/14 и 27/16 се обраќаме да ни дадете насоки за делокругот на работа на внатрешните организациски единици и минималниот број на извршители по внатрешните организациски единици од причина што донесениот "Правилник за делокругот на работа на внатрешните организациони единици и минималниот број извшители по внатрешните организациони единици во здравствените установи" Службен Весник на Р.М бр.132/14 ја нема пропишана работата на ЈЗУ Институт за јавно здравје на Р.М Скопје во согласност со Законот за здравствена заштита Службен Весник на Р.М бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15 и 37/16 и Закон за јавно здравје Службен Весник на Р.М бр.22/10; 136/11; 144/14; 149/15 и 37/16.

Со Почит

в.д Директор

Асс.Д-р. Шабан Мемети

**Ј.З.У. ИНСТИТУТ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ НА РМ - СКОПЈЕ**
**ул.50 Дивизија бр.6 - 1000 Скопје, Пошт.фах 577**
**Тел.: 3223-033, 3226-510; Факс:3223-354**

Предмет број 04-1410/1

Скопје 11.04.2017

До: Министерство за здравство
на Република Македонија
Скопје

**Предмет:** Повторно Барање на насоки за изготвување на Статут и Правилник за организација и систематизација на работните места во ЈЗУ Институт за јавно здравје на Р.М Скопје

ЈЗУ Институт за јавно здравје на Р.М Скопје со допис од 28.07.2016 со архивски број 03-2708/1 се обрати до Министерство за здравство со Барање на насоки за изготвување на Статут и Правилник за организација и систематизација на работните места во ЈЗУ Институт за јавно здравје на Р.М Скопје за кој допис не добивме насоки или повратен одговор.

Повторно се обраќаме со истото барање од причина што ЈЗУ Институт за јавно здравје на Р.М Скопје со Решение Ипl.бр.09-52 од 24.11.2016 год. е задолжен да го достави акт за внатрешна организација и систематизација на работни места до Министерство за информатичко општество и администрација.

Со цел изготвување на Статут на ЈЗУ Институт за јавно здравје на Р.М Скопје и Правилник за организација и систематизација на работните места во ЈЗУ Институт за јавно здравје на Р.М Скопје, а во согласност со Закон за вработените во јавниот сектор Службен Весник на Р.М бр.27/14; 199/14 и 27/16 се обраќаме да ни дадете насоки согласно "Правилник за делокругот на работа на внатрешните организациони единици и минималниот број извршители по внатрешните организациони единици во здравствените установи" Службен Весник на Р.М бр.132/14 во кој не е наведен делокругот на работа на внатрешните организациони единици на ЈЗУ Институт за јавно здравје на Р.М Скопје и минималниот број на извршители на внатрешните организациони единици .

Со Почит

в.д Директор

Асс.Д-р. Шабан Мемети

**Ј.З.У. ИНСТИТУТ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ НА РМ - СКОПЈЕ**
**ул.50 Дивизија бр.6 - 1000 Скопје, Пошт.фах 577**
**Тел.: 3223-033, 3226-510; Факс:3223-354**

Предмет број 04-3200/1

Скопје 15.09.2017

До: **Министерство за здравство**
**на Република Македонија**
**Скопје**

**Предмет:** Повторно Барање на насоки за изготвување на Статут и Правилник за организација и систематизација на работните места во ЈЗУ Институт за јавно здравје на Р.М Скопје

ЈЗУ Институт за јавно здравје на Р.М Скопје со дописи од 28.07.2016 со архивски број 03-2708/1 и повторен допис од 11.04.2017 со архивски број 04-1410/1 се обрати до Министерство за здравство со Барање на насоки за изготвување на Статут и Правилник за организација и систематизација на работните места во ЈЗУ Институт за јавно здравје на Р.М Скопје за кој допис не добивме насоки или повратен одговор.

Повторно се обраќаме со истото барање од причина што ЈЗУ Институт за јавно здравје на Р.М Скопје е задолжен да го достави акт за внатрешна организација и систематизација на работни места до Министерство за информатичко општество и администрација, а насоките и предлог статутите објавени на веб страната се однесуваат за здравствен дом, општа болница, клиничка болница, специјализирана болница и универзитетска клиника а не е опфатена работата на ЈЗУ Институт за јавно здравје на Р.М Скопје и Центрите за јавно здравје и истото е со "Правилник за делокругот на работа на внатрешните организациони единици и минималниот број извршители по внатрешните организациони единици во здравствените установи".

Со цел изготвување на Статут на ЈЗУ Институт за јавно здравје на Р.М Скопје и Правилник за организација и систематизација на работните места во ЈЗУ Институт за јавно здравје на Р.М Скопје, а во согласност со Закон за вработените во јавниот сектор Службен Весник на Р.М бр.27/14; 199/14 и 27/16 се обраќаме да ни дадете насоки согласно "Правилник за делокругот на работа на внатрешните организациони единици и минималниот број извршители по внатрешните организациони единици во здравствените установи" Службен Весник на Р.М бр.132/14 во кој не е наведен делокругот на работа на внатрешните организациони единици на ЈЗУ Институт за јавно здравје на Р.М Скопје и минималниот број на извршители на внатрешните организациони единици .

Со Почит

в.д Директор

Асс.Д-р. Шабан Мемети

Ј.З.У. ИНСТИТУТ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ
на Република Македонија
Бр. 04-354
31.01 2012 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 219 од Законот за работните односи ("Службен весник на РМ" бр.62/05,106/08 и 161/08), Јавната здравствена установа Институт за јавно здравје на РМ и Синдикалната организација на ЈЗУ Институт за јавно здравје - Скопје, постапувајќи согласно член 127 од Колективниот договор за здравствената дејност на Република Македонија ("Службен весник на РМ"бр.60/06 и бр.156/07, бр. 17/09, бр.60/10, 33/11), на ден 31.01.2012 година склучија

**Анекс**
**за дополнување на Колективниот договор на**
**Јавната здравствена установа Институт за јавно здравје на РМ**

Член 1

Во Колективниот договор на Јавната здравствена установа Институт за јавно здравје на РМ бр.04-2608 од 16.06.2010 година по членот 61 се додава нов член 61-а, кој гласи:

„Член 61-а

За работниците вработени во ЈЗУ Институт за јавно здравје на Република Македонија, а кои се избрани во наставно-научни, научни и соработнички звања и имаат засновано работен однос и на Универзитет "Св. Кирил и Методиј" во Скопје – Медицински факултет - Скопје се утврдуваат следните коефициенти:

| | |
|---|---|
| А) соработнички звања: асистент/помлад асистент: | |
| - доктор на медицина | 2.993 |
| - доктор на медицина магистер | 3.235 |
| - доктор на медицина специјалист | 3.827 |
| - доктор на медицина специјалист магистер | 3.868 |
| - доктор на медицина со докторат од мед. науки | 4.331 |
| Б) наставно-научни и научни звања | |
| - доктор на медицински науки-научен соработник | 4.434 |
| - доктор на медицински науки-доцент | 4.486 |
| - доктор на медицински науки-виш научен соработник | 4.589 |
| - доктор на медицински науки-вонреден професор | 4.640 |
| - доктор на медицински науки-научен советник | 4.691 |
| - доктор на медицински науки-редовен професор | 4.743 |

Коефициентите од став 1 на овој член се применуваат за пресметка и исплата на основна плата за работното време од 35 часа неделно поминати во ЈЗУ Институт за јавно здравје на Република Македонија, согласно договорот за вработување.

Член 2

Овој Анекс за дополнување на Колективниот договор на Јавната здравствена установа Институт за јавно здравје на РМ влегува во сила наредниот ден од денот на негово потпишување од страна на овластените преставници на Институтот за јавно здравје на Р.М и Претседателот на синдикалната организација.

Претседател на
Синдикална организација

Претседател
на Управен одбор

**Член 4**

Работите и работните задачи се утврдуваат така да се обезбеди најцелисходно извршување на дејноста на организационите единици, редовно остварување на работните задачи, постојано унапредување на технологијата и други услови за работа а со тоа и зголемување на доходот.

**Член 5**

Работниците во организационите единици се должи постојано да ја унапредуваат и усовршуваат организацијата на работата, а утврдените работи и работни задачи да ги усогласуваат со изменетите услови во процесот на трудот како и со новите достигнувања во соодветната област на работа.

**Член 6**

Измени и дополнувања на внатрешната организација на работите и работните задачи ќе се врши на предлог на надлежниот орган на управување, работоводниот орган и раководителите на организационите единици, по иста постапка каква е предвидена за донесување на овој Правилник.

**Член 7**

Приемот, распоредувањето и прераспоредувањето на работниците на работните места, одговорноста на работници за заштита при работа, стручното усовршување и други прашања од работни односи се регулираат со Законот за работни односи, Колективниот договор за здравствена дејност на Република Македонија и други позитивни законски прописи.

**Член 8**

Директорот и раководителите на секторите ќе раководат и со едно одделение од составот на секторите. Одговорните техничари на Институтот ќе ги извршуваат и работните задачи на работното место на кое се распоредени.

## II. ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТАТА

**Член 9**

Согласно член 12 од Статутот на Институтот се организираат организациони единици кои претставуваат организационо – технолошко целини и тоа:

Самостојни одделенија:

- Одделение за обезбедување и контрола на квалитет
- Одделение за ревизија и буџет,

# ЈЗУ ИНСТИТУТ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА - СКОПЈЕ



ЈЗУ ИНСТИТУТ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Број 04-329/1
Дата 28 01 2016 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 34 од Статутот на ЈЗУ Институт за јавно здравје на РМ Скопје, член 105 и 106 од Законот за работни односи, а во согласност со чл.61 од Колективен Договор на ЈЗУ ИЈЗРМ, в.д. Директорот на Институтот на ден 28.01.2016 год. го донесе следното:

**РЕШЕНИЕ**

1. На работникот **Весна Костиќ, вонреден професор** распоредена на работно место Началник на лабораторија за контаминенети и екотоксини во во Центар за референтни лаборатории и менаџер за квалитет во ЈЗУ Институт за јавно здравје на РМ му се утврдува плата:

**I. ПО ОДНОС НА ТЕКОВЕН ТРУД:**

| | | |
|---|---|---|
| а. СЛОЖЕНОСТ(коефициент-група) | **4,537** | ***VIII/6*** |
| б. УСЛОВИ НА РАБОТА | **0,158** | ***3,5%*** |
| в. РАКОВОДЕЊЕ | **0,700** | |

Г. За секоја година признат работен стаж 0,5% додаток на основната плата, а најмногу 20% или за вкупно **32** години работен стаж **0,725**

**ВКУПНО:** 6,120 **бодови**

Ова Решение стапува во сила веднаш и ќе се применува од **01.02.2016**

**ПРАВНА ПОУКА:**
Против ова решение работникот има право на жалба во рок од 8 дена од денот на приемот на Решението преку ЈЗУИЈЗРМ до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

**ДОСТАВЕНО ДО**: Именуваната, Благајна, Персонално одд., Архива

**В.Д. ДИРЕКТОР,**
**Асс. д-р Шабан Мемети**

29.01.2016

29.01.2016

# Fakulteti i Shkencave të mjekësisë

Published 21/07/2012 14:28:00

**Dekan i Fakultetit, Doc. dr. Nasir Behxheti**

**E-mail: nasir.behxheti@unite.edu.mk**

Studimet e Mjekësisë dhe Stomatologjisë kane për qëllim përgatitjen profesionale të kuadrit i cili do te jetë i mjaftueshëm për kontekstin gjeografik dhe demografik, me theks të veçantë për atë shqiptar.
Studimet në Mjekësi dhe Stomatologji paraqesin studime sipërore profesionale nga fusha e shkencave të mjekësisë në kohëzgjatje prej 5 vitesh.
Studimet e Farmacisë janë të orientuar në atë mënyrë që t'i mundësojnë studentit te diplomuar kompetenca të larta për punë në fushën shëndetësore, përmes diturive të fituara nga lëmi i barnave, mënyrës bashkëkohore të shërimit dhe ndikimit klinik të tyre.
Nga ana tjetër, nga njohuritë për lëndët nga kimia analitike dhe sintetike, studentëve të diplomuar u jep njohuri për punën në industrinë farmaceutike, në laboratorë hulumtues, laboratorë analitikë, laboratorë tjerë për prodhimin e barnave dhe mjeteve të tjera ndihmëse për shërim, institucionet për regjistrimin e barnave etj.
Të diplomuarit në drejtimin e Infermierisë, në bashkëpunim të drejtpërdrejt me mjekun, janë bashkëpunëtorë shëndetësor në repartet spitalore të Klinikave të përgjithshme, shtëpive të shëndetit ose në ambulanca (publike apo private).
Të diplomuarit në drejtimin e Akusherisë, në bashkëpunim direkt me mjekun specialist për akusheri, janë punëtor shëndetësor përgjegjës për kujdesin shëndetësor të grave shtatzëna.
Të diplomuarit në drejtimin e Logopedisë, në bashkëpunim direkt me ekipin profesional interdisiplinar, janë bashkëpunëtorë në strukturat e institucioneve socio-psikologjike, spitaleve të përgjithshme, shtëpive të shëndetit dhe ordinancave të specializuara.
Të diplomuarit në drejtimin e fizioterapisë, në bashkëpunim direkt me mjekun specialist të fizioterapisë, janë punëtorë shëndetësor përgjegjës për strukturat shëndetësore (publike apo private), kujdesit shëndetësor, edukimit fizik dhe kujdesit fizik.

| **FAKULTETI I SHKENCAVE TË MJEKËSISË<br>Cikli i parë<br>(X semestra 300 ECTS& VI semestra 180 ECTS)** | |
|---|---|
| PROGRAMI STUDIMOR | TITULLI QË FITOHET |
| Mjekësi e përgjithshme | Doktor i mjekësisë së përgjithshme |
| Stomatologji | Stomatolog |
| Farmaci | Farmacist i diplomuar |
| | |

| | |
|---|---|
| Infermieri<br>a)Infermieri e përgjithsh<br>b) Akusheri<br>c) Logopedi<br>d) Fizioterapi<br>*Studime të disperzuara në Dibër* | Baccalaurea/baccalaureus infermierës së përgjithëshme<br>Baccalaurea/baccalaureus i akusherisë<br>Baccalaurea/baccalaureus i logopedisë<br>Baccalaurea/baccalaureus i fizioterapisë |

| **FAKULTETI I SHKENCAVE TË MJEKËSISË<br>Cikli i dytë<br>(IV SEMSTRA 120 ECTS)** | |
|---|---|
| PROGRAMI STUDIMOR | TITULLI QË FITOHET |
| Farmaci<br>-Farmaci e përgjithshme<br>-Shkencat e farmacisë | **Magjistër i farmacisë<br>Magjistër i shkencave farmaceutike** |

**Одговор**
**на забелешки на**
**Нацрт извештај на Овластениот државен ревизор**

На ден 07.03.2018 година добиени се забелешки на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2016 година на ЈЗУ Институт за јавно здравје на Република Македонија Скопје бр. 16-208/1 и 16 – 208/2 од 02.02.2018 година, од раководното лице д-р Шабан Мемети, вршител на должноста директор на ЈЗУ Институт за јавно здравје на Република Македонија - Скопје заведени во Државниот завод за ревизија под број 16-208/6 од 07.03.2018 година.

Забелешките се разгледани од страна на Овластениот државен ревизор и констатирано е следното:

**Сметка за средства од фонд**

1. Забелешката на констатираните состојби во **точката 3.2.2 алинеја 1** која се однесува во делот на неусогласен Статут и актите за организација и систематизација на работните места во ЈЗУ ИЈЗ **не се прифаќа**, поради тоа што изнесеното во забелешката во делот на причините за неусвојувањето на Статутот и внатрешните акти ни беа познати во фазата на извршување на ревизијата. Во врска со забелешката дека е систематизирано работно место со посебен услов за завршено образование на Факултет по инфермиерство, од доставената документација не е можно да се утврди кога е започнато со настава на наведените програмски студии и дали измените во систематизацијата се извршени пред или по датумот кога е дипломирана првата генерација на студенти. Обрнуваме внимание на субјектот дека лицето кое е ангажирано во ЈЗУ ИЈЗ се има стекнато со својата диплома по инфермиерство во образовна институција во странска земја и за истата нема доставено доказ за нострификација од надлежниот орган, поради што доставената забелешка не се прифаќа.

2. Забелешката на констатираните состојби во **точката 3.2.2 алинеја 2** која се однесува на Правилникот за организација и систематизација на работите места во ЈЗУ ИЈЗ **не се прифаќа**, од причини што бараниот документ во фазата на извршување на ревизијата беше побаран и истиот не беше доставен од страна на одговорните лица во ЈЗУ ИЈЗ. Дополнително не е приложен документ за усвојување на доставената документација во прилог кон забелешката.

3. Забелешката на констатираните состојби во **точката 3.2.2 алинеја 3** која се однесува на можна нерамноправност во делот на исплатата на платите на вработените во ЈЗУ ИЈЗ **не се прифаќа**. Дадените забелешки и доставениот Анекс за дополнување на Колективниот договор на ЈЗУ ИЈЗ на РМ кој ревизијата го имаше во предвид во текот на ревизијата ја потврдуваат утврдената состојба односно постоење на два члена кои ја уредуваат висината на коефициентите за пресметка на плата со кои вработените се поделени на две групи со што се потврдува и дополнително се потенцира наведеното во наодот на ревизијата.

4. Забелешката на констатираните состојби во **точката 3.2.2 алинеја 4** која се однесува на извршено пополнување на две раководни позиции од страна на едно исто лице **не се прифаќа**. Во прилог на забелешките не се доставени дополнителни докази кои не биле познати на ревизијата а воспоставениот начин на раководење на одреден сектор и во исто време со одредено одделение укажува на неизвршено разграничување на надлежностите.

5. Забелешката на констатираните состојби во **точката 3.2.2 алинеја 5** која се однесува на извршена исплата на плата на едно лице со коефициент кој е повисок од предвидениот во колективниот договор **се прифаќа** поради презентирани нови информации од страна на субјектот кои придонесуваат за промена на заклучокот на ревизорот. Дел од реченицата во алинејата 5 со следната содржина „ Едно лице остварува додаток на плата за раководење во висина од 0,7 кон основната плата иако коефициентот за плата на работното место началник согласно колективниот договор е определено во висина од 0,45 додека“ се изоставаат од текстот на Конечниот извештај.

**Сметка за средства од сопствени приходи**

6. Забелешката на констатираните состојби во **точката 3.4.1. алинеја 2** која се однесува на невоспоставен систем за контрола на реализацијата на договорите за јавни набавки **не се прифаќа,** со оглед на тоа што субјектот во прилог кон забелешката не презентираше нови докази кои ќе влијаат врз промена на заклучокот на ревизијата.

7. Забелешката на констатираните состојби во **точката 3.4.1. алинеја 3** која се однесува на неизвршено назначување на заменици на членовите на комисијата за јавна набавка **претставува известување** за начинот на постапување на раководителот на субјектот по дадените препораки содржани во извештајот.

8. Забелешката на констатираните состојби во **точката 3.4.4.** која се однесува на извршени набавки без спроведена постапка за јавни набавки, **претставува известување** за начинот на постапување на раководителот на субјектот по дадените препораки содржани во извештајот.